Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 31 август 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-678/28

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2021 година**

„ТОЧКА 1: Записник од Четириесет и шесттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 август 2021 година и записници од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржани на 24 и 27 август 2021 година

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и шесттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 август 2021 година и записниците од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржани на 24 и 27 август 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и шесттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 август 2021 година.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

2. Се забранува влез/излез на/од територијата на Република Северна Македонија на домашни и странски државјани, почнувајќи од 1 септември 2021 година, доколку претходно на граничниот премин не приложат еден од следните документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест COVID-19;

- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;

- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез/излез на/од територијата на Република Северна Македонија или

- негативен резултат од брз тест за антиген, направен 48 часа пред влез/излез на/од територија на Република Северна Македонија.

Сертификатот/потврдата од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, не се однесува за лица под 18 годишна возраст.

Домашни и странски државјани кои при влез на граничниот премин на територијата на Република Северна Македонија нема да приложат еден од документите наведени од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка, задолжително се упатуваат во домашна изолација/карантин на сопствен трошок во времетраење од седум дена, за што Државниот санитарен и здравствен инспекторат издава решение.

Домашната изолација/карантинот може да се прекине по изминување на петтиот ден, само со приложување медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Исклучок од ставот 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од оваа точка се екипажите на воздухопловите и професионалните возачи на товарни моторни возила кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, како и сите видови групни или индивидуални патувања или патници и професионални возачи на товарни моторни возила кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, за што задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање.

3. На наредната седница на Владата да се разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во однос на прашањето за примена и почитување на наредените мерки на Владата при организирање и учество во верски обреди организирани од страна на верските заедници или религиозните групи.

4. Наставата во средните училишта на територија на Општина Тетово и Општина Гостивар да започнат со онлајн настава од 1 септември 2021 година, во период од 14 дена.

5. Наставата во средните училишта во Општина Кичево и Општина Струга да започнат со онлајн настава од 1 септември 2021 година, во период од 7 дена.

6. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на наредната седница на Комисијата да ја разгледа можноста за влез на сезонски работници од Република Албанија, под олеснителни услови, по повод претстојниот јаболкобер во Преспанскиот Регион.

7. Се задолжува Министерството за економија, согласно Законот за трговија, да ги извести Тинекс-МТ ДООЕЛ Скопје и КАМ ДОО Илинден во однос на доставените барања до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

8. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да се зголеми бројот на деца во воспитните групи за деца од две до десет годишна возраст во установите за згрижување и воспитание на деца, од 20 на најмногу 25 деца.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена."

**Прилог 1: Записник**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија
- стопанските комори во Република Северна Македонија
- Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство

Подготвил: Маја Богоевска
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Билјана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 30-08-2021 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Един. Njësia Org. | Број Numer. | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 40- | 130/ | 29 | |

Скопје/Shkup, 30 август 2021 година/viti

Бр./Nr.: /
/

**ЗАПИСНИК**

**Од Четириесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 август 2021 година**

На 30 август 2021 година (понеделник), со почеток во 9.00 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Четириесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

Во видео - конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati I Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Славица Кутиров, директор на Царинската управа, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, Блерим Кољаљи, советник на Претседателот на Република Северна Македонија и Зулфиќар Зејнулан, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Зоран Петров, национален координатор за имплементација на Национална платформа за намалување ризици од несреќи и катастрофи.

* * *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Точка 2:**

Прашања и предлози

* * *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, заменикот на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

* * *

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, за реализацијата на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, како и за текот и прогресот на активностите во врска имунизација на населението.

Министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче истакна дека во болниците во општините Тетово, Гостивар и делумно Кичево има значајно зголемување на бројот на хоспитализирани пациенти заболени од Коронавирус COVID-19.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Исто така, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче истакна дека евидентно е зголемувањето на интересот за вакцинирање кај населението.

Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби, укажа на потребата Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство до одржувањето на седницата на Владата да ги разгледа:

- Можноста за отпочнување на on-line настава од 1 септември 2021 година, во период од 14 дена во средните училишта во Општина Кичево;

- Барањето за воведување на исклучок од правилата за влез на територијата на Република Северна Македонија за професионални возачи на превоз на стока при влез во државата, доставено од Асоцијацијата на здружение на работодавачи на превозните трговски друштва на Република Македонија, МАКАМ-ТРАНС;

- Можноста на самите гранични премини да се стават во функција пунктови за спроведување брз тест за антиген при влез на територијата на Република Северна Македонија, а за државјаните на Република Северна Македонија кои се упатени во домашна изолација да се овозможи истата да се прекине доколку се приложи негативен RT PCR SARS-CoV-2 тест и

доколку оценат за потребно, до одржувањето на утрешната редовна седница на Владата, да предложат одредени измени или дополнувања.

Министерот за образование и наука, Мила Царовска информираше дека Министерството за образование и наука, во соработка со сите основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија е подготвено за одржување на настава со физичко присуство согласно наменските протоколи, со исклучок на средните училишта во Тетово и Гостивар каде почетокот на учебната година согласно епидемиолошката проценка на Комисијата за заразни болести ќе започне со on-line настава.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Министерот за труд и социјална политика, д-р Јагода Шахпаска, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб, дека состојбата во градинките и дневните центри за лица со попреченост е стабилна, па согласно истото Комисијата за заразни болести дозволи зголемување на бројот на деца во групите во установите за згрижување и воспитување на деца на 25 деца.

* * *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:

1. На наредната седница на Владата, да се разгледаат предлозите кои ќе ги достави Комисијата за заразни болести во однос на:

1.1 Можноста за отпочнување на on-line настава од 1 септември 2021 година, во периодот од 14 дена во средните училишта во Општина Кичево;

1.2 Барањето за воведување на исклучок од правилата за професионални возачи на превоа на стока при влез во државата, доставено од Асоцијацијата на здружение на работодавачи на превозните трговски друштва на Република Македонија, МАКАМ-ТРАНС и

1.3 Можноста на самите гранични премини да се ставaт во функција пунктови за спроведување брз тест за антиген при влез на територијата на Република Северна Македонија, а за државјаните на Република Северна Македонија кои се упатени во домашна изолација да се овозможи истата да се прекине доколку се приложи негативен RT PCR SARS-CoV-2 тест.

2. На наредната седница на Владата, да се разгледа предлогот кој го достави Комисијата за заразни болести во однос на прашањето со примена и почитување


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

на наредените мерки на Владата при организирање и учество во верски обреди организирани од страна на верските заедници или религиозни групи.

Соодветно по донесувањето на новите предлог на наредени мерки од заклучоците под реден број 1.1, 1.2, 1.3 и 2 соодветно да се измени и дополни Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

3. На наредната седница на Владата, да се заземе став по предлогот на Комисијата за заразни болести, во однос на Барањето на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје и КАМ ДОО Илинден да немаат третман на мол.

4. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во периодот од 7.00 часот на 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 29 август 2021 година до 07,00 часот на 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 август 2021 година, доставени од Министерство за внатрешни работи– Биро за јавна безбедност.

5. Главниот координативен кризен штаб се информираше со дневните извештаи доставени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, за 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 29.8.2021 година и Работната табела за периодот од 23 август 2021 година до 29 август 2021 година.

6. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Работната табела за периодот од 16 август 2021 до 22 август 2021 година, доставена од Државниот пазерен инспекторат.

7. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Работната табела за периодот 23 август 2021 до 29 август 2021 година, доставена од Државниот инспекторат за транспорт.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

8. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Работната табела за периодот 23 август 2021 до 29 август 2021 година, доставена од Агенцијата за храна и ветеринарство.

9. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Работната табела за периодот 23 август 2021 до 27 август 2021 година, доставена од Агенцијата за лекови и медицински средства.

10. Главниот координативен кризен штаб го разгледа Барањето дали може младинските лиги (на возраст од 10 до 18 години) во натпреварувањата, освен документ за примена вакцина, да приложуваат ПЦР тест или брз антигенски тест, поднесено од Фудбалска федерација на Македонија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување одговор по предметното Барање.

11. Главниот координативен кризен штаб го разгледа Барањето за воведување на исклучок од правилата за професионални возачи на превоз на стока при влез во државата доставено од Асоцијацијата на здружение на работодавачи на превозните трговски друштва на Република Македонија, МАКАМ-ТРАНС, под бр.03-81/1 од 19 август 2021 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување одговор по предметното Барање.

* * *

<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u> немаше прашања, ниту предлози.

* * *


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati I Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Горенаведените заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

* * *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ZËVENDËSKRYETAR I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**д-р Артан Груби/dr Artan Grubi**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk